# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Дваесет и првото продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 мај 2004 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше госпоѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ги молам колегите пратениците кои се наоѓаат во просториите на Собранието да влезат во салата за да почнеме со работа.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Служлбите го утврдуваат бројот на присутни пратеници).

Јас ги молам уште еднаш координаторите да стапат во контакт со своите колеги и доколку се наоѓаат во близина да влезат во собраниската сала. Фалат уште двајца за да обезбедиме кворум. Инаку, има повеќе пратеници кои се отидени на полагање цвеќе на гробот на Гоце Делчев. Денеска е тој ден. Меѓутоа, сепак мислам дека не има доволно други кои можеме да обезбедиме кворум.

(Службвите го утврдуваат бројот на присутните пратеници).

Констатирам дека имаме кворум за работа.

Почиртувани колеги продолжуваме со точката 32.

Пред да продолжиме со работа само да информирам дека денеска од 12,00 до 14,00 ќе имаме пауза затоа што во 12,00 часот ќе се доделуваат наградите “Гоце Делчев”, така што сите сте поканети, се разбира, да присуствувате на тој свечен настан.

Продолжуваме со работа по Педесеттата седниц на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауранчиќ, Каролина Ристова, Али Ахмети, Теута Арифи, Слободан Чашуле, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Орданчо Тасев, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Гајур Сараќ, Илија

Китановски, Ванчо Георгиев, Г'зим Острени и Фазли Велиу, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Со оглед на тоа дека на седницава се присутни сега 63 пратеници, преминуваме на **Триесет и втората точка** што беше предложена од група пратеници. - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност со Предлог на закон.**

Претресот по Предлогот за донесување на закон е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеници, за гласале 12 пратеници, воздржано 2 а 45 негативно.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на точката 33 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за денационализација со Предлог на закон.**

Тоа е исто предлог на група пратеници.

Процедурално збор побара господинот Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги,

Со оглед на тоа што законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација е предлог на група пратеници на ВМРО-ДПМНЕ и во обид да изградиме еден консензус со останатите пратенички групи , како би можел овој закон да биде изгласан од ова Собрание бараме пауза од половина час за да можеме,евентуално,да го постигнеме тој консензус и за да дојдат пратеницитге кои се на положување цвеке на гробот на Гоце Делчев денеска, по повод неговото загинување.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Краљевски, знаете дека обично даваме во одреден период, меѓутоа јас не верувам дека оваа пауза ќе може да биде исползувана за наназад да се врати точката. Овде гласањето помина.

(Интервенција од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ - Гласањето беше за другата точка, а овде се работи за следната, за точката 33).

Значи ова е за следната точка. Тогаш значи во ред, не ве разбрав.

Тогаш давам пауза половина час.

(Пауза од 10,20 до 11,00 часот).

Ги молам колегите пратеници да влезат во салата за да можеме да продолжиме со седницата.

Точката е предложана од група пратеници, од пратениците Коце Трајановски, Љупчо Балковски, Жарко Караџоски, Илија Китановски и Ванчо Стаменков. Тоа е предлог за донесување на закон за изменување на Законот за денационализација со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закот со Предлогот на законот, дописот на ЗПК и Мислењето на Владата ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке, колеги пратеници,

Со оглед да помина подолго време, нели откако оваа седница е закажана и откако е предлогот доставен од името на предлагачите дозволете ми да кажам уводно, што е целта поради кој што го предлагаме овој закон. Значи целта е основна со измените на овој закон бараме да се прошири опасноста на овој вид на хартии од вредност значи предлагаме измена на Законот во членот 41 став 1. Така што покрај досегашните намени утврдени со законот предлагаме обврзниците на Република Македонија за денационализација да се користат и за купување на станбен и деловен простор од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија. Заради овие причини ние сметаме дека има потреба од изменување на овој закон и мислиме дека на овој начин ќе се олесни на сите оние кои што имаат обврзници, да можат да ги искористат и за оваа намена. Факт е дека Јавното претпријатие за станбен и деловен простор сеуште располага со станбен и деловен простор, а како овие обврзници, нели, покрај оние намени кои што се утврдени во членот 41 да не ги читам сега тука, ги има повеќе, сметаме дека со една ваква измена ќе се подобри можноста, имателите на обврзниците да ги искористат и за оваа намена. Тоа е суштинката работа поради која што бараме да се измени овој закон и сметаме дека без разлика што мислењето на Владата нели е негативно. Би требало ние како пратеници да имаме малку поголемо чувство да му овозможиме на граѓаните кои што имаат вакви обврзници да ги искористат и за оваа намена. Значи од една страна се овозможува имателите да ги употребат и во овој процес, а од друга страна нели, Јавното претпријатие за станбен и деловен простор

да се ослободи од овој имот кој што веќе подолго време го има, ако се земеме во предвид  дека имотот е веќе државен на Република Македонија и дека потребна е трансформација на самото јавно претпријатие.

Значи, да не должам, основното е тоа, јас би апелирал, би ги повлекол пратениците на позицијата, особено, да го поддржат овој закон како би можел да стапи на сила.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за денационализација.

Ве повикувам да гласаме.

Само ги молам претходно службите да го утврдат бројот на присутните, а колегите пратеници што не се во сала ги повикувам да влезат.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници)

Ги молам колегите пратеници кои се наоѓаат во Собранието да влезат во собраниската сала за да можеме да гласаме.

Ги молам колегите пратеници кои се наоѓаат во Собранието да влезат во салата. Мислам дека не е коректно од пратениците кои се тука во салата за да продолжиме да работиме.

Јас молам за трпение, има најави дека доаѓаат колегите, така што кворумот ќе се обезбеди секој момент. Ве молам да имаме трпение и, доколку може уште некој колега да се повика, јас ве молам да го сториме тоа.

Јас мислам дека сега веќе имаме кворум.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници.)

Присутни се 62 пратеници. Можеме да пристапме кон гласањето на заклучокот.

Заклучокот е - Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за денационализација.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 3, воздржани беа 3, а против гласаа 47 пратеници.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Продолжуваме понатаму.

**Минуваме на точката 34 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.**

Го молам претставникот на Владата да биде присутен на седницата, за да можеме да работиме.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на Законот и извештаите на работните тела на Собраинето Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Го молам претставникот на Министерството за внатрешни работи, да влезе бидејќи беше присутен на почетокот на седницата.

Молам, кој бара збор?

Уште еднаш повикувам кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника, 51 за, 1 воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

(Со седницата продолжи да раководи господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гласале вкупно 57 пратеници, 54 за предлогот, 3 воздржани, нема против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници)

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 56 пратеници, 55 гласале за, 1 воздржан, нема против, а во салата се присутни 64 пратеници.

Конистатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

***Минуваме на точка 35 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.***

Предлогот за донесување на закон, извештајот и дописот на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Фатмир Асани, а нека се подготви пратеникот Зуди Џелили.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Во време кога се разговара за предлог законот за дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, тогаш во тоа време истакнат е многу значаен факт, засноваjќи се врз досегашната пракса во која е докажано дека дополнувањето на законите и разните нормативни акти се прават со цел да се пополнат празнините во законите во текот на нивното спроведување.

Меѓутоа, за жал, тогаш го истакнав фактот дека Владата на Република Македонија во текот на предпарламентарната процедура пуштила предлог на закон кој би ги исполнил само потребите на македонските припадници на безбедносните сили и нивните семејства, оставајќи го на страна другиот дел, а тоа се поранешните

припадници на ОНА и нивните семејства. Избегнувањето на оваа реалност тогаш и сега мислам дека не е во прилог на заедничкиот соживот во оваа држава.

Македонија во 2001 година се соочи со една криза како резултат на еден воен меѓуетнички конфликт. И, како што сите знаеме оваа меѓуетничка војна заврши со постигнување на Охридскиот договор и како резултат на Охридскиот договор следеа уставните измени, кои поради заштитниот механизам што се наоѓа во него, треба да обезбеди национална еднаквост меѓу македонците и албанците во оваа држава. Меѓутоа, се повеќе се забележува една опасна тенденција да се избегне и да се заокружи тоа што е постигнато во Охрид. Тие законски решенија што ги нуди Владата на Република Македонија, вклучително и овој закон што беше донесе во Парламентот во врска со заштитата на посебните права на припадниците на безбедносните сили, се во спротивност со духот на Рамковниот договор и со уставните измени.

Ова покажува дека коалиционите партнери на сегашната Влада се сеуште далеку од тоа што треба раелно да се направи. Еден закон, како тој закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили и на членовите на нивните семејства не прават ништо друго, само што пвоеќе не делат, затоа што тука се подразбира дека овие права може да ги ужива само една заедница, припадници на една национална заедница, односно на македонските безбедносни сили кои со законот кој што вие го донесовте, почитувани колеги од мнозинството СДСМ и ДУИ, продолжуваат да го консумираат владиниот лек за намалување на нивните болки, но не и на болките на албанците на кои што исто така им беше нанесена голема штета со конфликтот од 2001 година. Тука, пред се виновен е албанскиот партиципиент во оваа Влада. Албанскиот партиципиент во текот на изготвувањето на законот му овозможи на неговиот партнер СДСМ да подготви закон за опфаќање на семејствата односно за неопфаќање на семејствата на албанците кои што загинаа во текот на 2001 година.

Значи, овој партиципиент ги заборави нив и ги заборави инвалидите и другите на кого им беше нанесена штета. Тие сакаат еднаков третман од страна на Владата. ДУИ кога сега е во Владата го заборави семејството Зумбери од Комуновско, како и сите семејства на загинатите и инвалидите од војната. Последните права не треба да припаѓаат само на едната страна како што вие тоа го правите со законот и предвидувате права само за безбедносните сили на македонците и нивните семејства, туку тие права треба еднакво да важат и за сите други кои беа опфатени со конфликтот од 2001 година. Само на тој начин може да го

докажеме нашиот придонес за постигнување на меѓуетничка блискост и зближување што и меѓудругото претставува цел на Рамковниот договор и уставните измени. Ве потсетувам дека кога се усвои вашиот закон и ви реков неопфаќањето на сите семејства на загинатите албанци, воените инвалиди и децата останати од тие загинати припадници од тој конфликт во 2001 година, претставува континуитет на политика на поделба, национална дискриминација и нееднаквост на албанците во државата.

Сега, кога поминаа скоро три години по конфликтот во Република Македонија и се поголем број на луѓе имаат сеуште емотивни проблеми поврзани со конфликтот. Многу се горчливите спомени кои натаму нив ги тиштат тие што беа погодени од конфликтот од 2001 година. Бројни се тие луѓе кои што живеат во нивните разрушени куќи. Сеуште, три години после крајот на војната има луѓе кои очекуваат да бидат посетени и да бидат излечени од стресот и пострауматските стресови, како што ги нарекуваме ние лекарите. Не постои некоја програма за помош и третирање на таквите трауми кај нив. Независно од минувањето на времето, проблемите и натаму се зголемуваат. Тоа доаѓа како последица на фактот дека Владата на Република Македонија нема направено никаква студија за да се запознае со ваквите случаи кај овие луѓе опстојува ужасот од тоа што го виделе со своите очи. За да се надминат ваквите штети од 2001 година требаше да размислувате за нивните непосредни и медијатни проблеми, сеуште не е овозможиле нивното враќање во нивните домови, затоа што нивните куќи сеуште не се поправени. Ова го докажува недостатокот на храброста, но не и неподготвеноста на Владата на Република Македонија да се соочи со новата реалност и се додека ова не се направи, се случува нешто друго. Овие прашања се разрешени само за македонските безбедносни сили и нивните семејства, а оние албанци кои што ги загубија членовите на нивните семејства и оние кои поминаа низ ужасот на овој конфликт, сеуште се под тие трауми и имаат многу силни емоции од сеуште живите спомени, затоа се разбирливи нивните реакции. Статистиката која јас ја имам говори дека 99% од населението, од способно, работно население во поранешните кризни региони денес се невработени. Тоа значи дека најголемиот дел од населението живеат во услови на сиромаштија и голем дел од нив немаат основни услови за живот. Владата на Република Македонија, посебно Министерството за труд и социјална политика не подготвија никаква посебна програма за луѓето кои страдаа тод постраматски стресови, ниту пак некој финансиски проект за нивно згрижување.

Зошто тие не се опфатени со такви проекти, како не им е срам на оние

кои денес седат тука во овие убави фотељи, благодарение на истурената крв на жртвите да се чувствуваат и се чувствуваат задоволни од работата која ја направила нивната Влада. Каде е помошта која им е ветена на овие семејства и кои се оставени на милост на судбината.

Зошто немаме разбирање за хуманитарната катастрофа која се случи за децата сираци и за оние кои имаа потреба од елементарни работи. Да ве потсетам дека на 14 јуни 2001 година на Косова прес Агенцијата можевте да прочитате за еден проект на поранешната ОНА за ставање крај на војната во Република Македонија, потпишана од поранешниот политички лидер Али Ахмети, кој меѓу другото вели дека треба да се направи, да се реконструираат селата и куќите кои се разрушени во текот на војната, како и треба да се згрижат семејствата на загинатите припадници. Да не беше меѓународната заедница, доколку тоа зависеше од сегашната Влада, ништо немаше да се направи. Оваа Влада не инвестираше буквално ништо за поправката на разрушените куќи и покриви на куќите. Оваа Влада сеуште не презема ништо околу реализацијата на било каков проект околу разрушените куќи при офанзивите на македонските безбедносни сили. Затоа ние го предложивме овој проект закон, со цел да можеме да подготвиме програми со цел да им излеземе во пресрет на сите оние кои беа погодени од конфликтот и кои живеат во крајно тешки услови без грижа на институциите на господинот Али Ахмети и господинот Бранко Црвенковски. Ние ќе се ангажираме што повеќе да му помогнеме на населението. Затоа, ова што го правиме во овој момент покажува дека ние сериозно се залагаме за постигнување на истите бенефиции кои ги имаат македонските припадници, безбедносни сили кои треба исто така да ги уживаат и другите. Ние се обидуваме да ги алармираме и сите да разберете дека албанското население има навистина голема потреба за институционална грижа. Значи, ова што го правите вие од парламентарното мнозинство од СДСМ, ДУИ, усвојувајќи еден закон кој што ќе им обезбеди привилегии само на македонските безбедносни сили и нивните семејства е скандалозно, дискриминирачко, затоа што и на албанците со тоа им се негира едно такво елементарно право. Каде се правните ветувања за семејствата и сираците на паднатите борци. Нив ги спомнувате само кога имате потреба за маркетинг, а да не говориме и за други работи кои се исто така сериозни. До каде е изградбата на училиштата и амбулантите во селата кои беа разрушени од конфликтот. Исто така неправда има од оваа Влада во однос на многу други, ја молам ДУИ да се огради од оваа деструктивна политика. Немојте да заборавите дека вие ќе бидете одговорни за страдањето на албанското население.

Вие направивте бројни семејства да чекаат на ред за хуманитарна помош, затоа што голем број од овие семејства во овие кризни региони живеат само од помошта на меѓународните заедници и тие се исклучуваат од списоците од Министерството за труд и социјална политика. Зарем не е ова реваншистичка политика.

Преку парафразирање на еден писател сакам да ја откријам лагата - вие властодршци со лаги сакате да изградите институции.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Со преводот нешто не е во ред, ве молам да се поправи техниката.

ФАТМИР АСАНИ:

Сето ова е создадено врз лага, ништо не е изменето од времето на поранешна Југославија. Истите се тие сценарија кои што вие ги сервирате и денес. Коалиционистичките денешни албанци, лагата институција за внатрешна потреба, за да се создаде една фиктивна реалност со која тие самите се хранат. Меѓутоа, ова нема да должи уште, да трае уште, а ќе трае дотогаш додека целосно не се демаскира лагата. Ова е почетокот на крајот на откривање на една таква голема лага. Не само што не се направи интеграцијата на поранешните припадници на ОНА, туку ова е еден процес кој остана само на ниво на нашата приватна грижа. Овој процес остана во сенка на грижата на сегашната Влада на припадниците на македонските безбедносни сили.

Затоа, сакам да ве потсетам дека сегашниот закон кој вие го усвоивте за посебни права и за социјална грижа само за македонските безбедносни сили е само во нивни прилог, само во прилог на оние кои го бомбардираа Слупчане, Непроштено, Гајре и други кои што убија и масакрираа невини цивили и ги оставија настрана поранешните припадници на ОНА. Вие како да заборавате дека ова е едно флагрантно газење на техничко - воениот договор меѓу ОНА и НАТО.

Значи, албанските властодршци сте вие кои и натаму продолжувате да делите фондови само за оние кои ги бомбардираа домовите на албанците и кои продолжувате со приведување и драконско осудување на поранешните припадници на ОНА, заборавајќи дека во име на таа војна денес вие седите на овие фотељи.

На крај, со овој предлог закон на парламентарната група на ДПА, кој пред се, се заснова на врз Законот за амнестија и на Охридскиот договор и врз уставните измени, се отвора нова можност за приближување на етничките заедници

во Република Македонија. Ова претставува еден првичен чекор во насока на институционалната ресоцијализација на овие луѓе.

Од законскиот аспект нивните права не се заштитуваат со овој закон односно со усвојување на овој закон. Силите кои војувале меѓусебно нема да се третираат како непријателски, туку како сили кои што треба заеднички да ги делат позитивните ефекти кои произлегуваат од овој закон.

Затоа би ве замолил сите пратеници, овој предлог закон, овој наш предлог закон да го поддржите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Асани.

Збор има пратеникот Зуди Џелили, а нека се подготви пратеникот Илјаз Халими.

Само да ве информирам дека некаде 10,00 или 11,55 часот ќе ја прекинеме седницата, бидејќи пратениците се поканети на доделување на наградата "Гоце Делечев".

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Згрижувањето на една категорија на граѓани во Република Македонија односно на безбедносните сили преку законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија, во себе вклучува едно право. Претставниците за кои станува збор, како и членовите на нивните семејства, а ова има хумана и социјална димензија, тоа е акт со кој треба да се согласат сите.

Тоа што е спорно во овој закон е фактот на неопфаќање на една категорија на граѓани во овој закон, кои биле инволвирани во воените дејствијаво 2001 година, кои како последица на овие воени активности настрадаа. Ако враќањето на меѓуетничката доверба е императив на времето и доколку се согласиме дека животот продолжува, тогаш би било добро да не се оптоваруваме со минатото, не треба да настојуваме на барањето вистина за претходните настани бидејќи ова ќе не воведе кон еден вистински лавиринт. Доколку како основа ги имаме мерките кои треба да се преземаат за враќање на довербата, што е фундаментално прашање на Охридскиот договор, тогаш не можеме да зборуваме за коректни односи, запоставувајќи ја оваа категорија на граѓани без законска

поддршка. Еднаквоста ќе дојде до израз ако овие луѓе бидат рамноправни со припадниците на другата националност, ако имаат соодветно згрижување. Со вклучувањето на оваа категорија граѓани во овој закон, кој за припадниците на безбедносните сили на македонците се донесе пред една година, а од друга страна припадниците на албанската страна остануваат во неповолна положба. Ние сме сведоци на разни апели со кои им се обраќаат на албанските претприемачи за да обезбедат финансиски средства за згрижување на овие лица. Јас имам еден апел објавен во весникот “Факти”, кој ќе го прочитам.

“Комисија за згрижување на семејствата на паднатите борци и воени инвалиди,

Апел: дајте за тие кои го дадоа најсветото.

Од Комисијата”

“На семејствата на паднатите борци и воените инвалиди им апелираме на сите раководители на предприемачките претпријатија да помогнат во Фондот за згрижување на паднатите борци и воените инвалиди, како и за лекарски третман.

Вашата помош испратете ја на жиро сметката.

Помагајќи ги овие, ја помагате вашата иднина”.

Значи со апел и помош од албанските претприемачи, посебно кога има празници и особено за празникот “Курбан Барјам” им се дава помош на овие луѓе.

Меѓутоа, македонските припадници имаат законско згрижување во оваа држава што е заедничка земја на двете националности. Со нивното вклучување слободно моожам да кажам дека ќе зајакне добрата волја, довербата, а исто така ќе се забрза и процесот на ресоцијализација на граѓаните во Македонија. Сето ова е вклучено во Анексот Ц на Охридскиот договор како “Имплементирање на мерките за изградба на доверба”. Бидејќи на декларативен начин сите велиме дека се залагаме за имплементација на Охридскиот договор, еве една можност на дело да се покаже оваа подготвеност. Настојувањето за вклучувањето на оваа категорија граѓани во законот го остава отворено прашањето на взаемната недоверба. Ако се анализира настојувањето на овие граѓани за настаните од пред три години, а од друга страна имаме припадници на оваа категорија како поранешни припадници на ОНА во Парламентот, како и во другите институции каде имаат значајни позиции, тогаш што ќе видиме? Гледаме дека ова се одвива со една нерегуларност, тоа е неначелно прашање до крајност и е вистинска хипокризија. Доколку претендираме да се јавиме како држава каде граѓанинот ќе ги ужива сите права, тогаш не смееме за некои граѓани да бидеме мајка, а за некои маќеа. Во актуелниот момент, мислам дека ќе

надвладее свеста и без емоционални оптоварувања кои ги имаше минатиот пат, кога не се зедоа предвид нашите забелешки за овој закон, па ќе се направи вклучувања на категоријата која не е вклучена во овој закон. Со ова ќе дојде до израз вистинската граѓанска рамноправност.

Почитувани пратеници, посебно пратеници албанци, свесни сме дека светот не им припаѓа на тие кои горат. Светот им припаѓа на тие кои се топлат. Но не заборавете, изгореа тие за да се топлиме ние. Меѓутоа, ние имаме должност да се грижиме за семејствата на паднатите борци и за воените инвалиди. Овде ја претставуваме волјата на народот, кој во текот на парламентарните избори не поддржа со својот глас, треба да ги имаме предвид сите категории на граѓани. Со донесувањето на законот ќе докажеме дека ги браниме интересите на населението, без оглед на нивната национална припадност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Халими, да ве прашам, дали за 10 минути можете да завршите со дискусија? (Да).

Повелете господине Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Предлогот за изменување на законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, кој е поднесен од пратеничката група на ДПА сигурно треба да се поддржи и да се гласа за него. Постојниот закон со кој регулира ова прашање е еднostран и неправеден. Уште во фазата на разгледувањето на првата фаза на овој закон, ние пратениците на ДПА забележавме дека законот содржи многу недостатоци и дека како таков ќе биде неприфатлив за нас. Меѓутоа, овие забелешки и сугестии не беа земени предвид и затоа тој како таков помина во Парламентот, меѓутоа, без гласовите на ДПА.

Главниот недостаток на овој закон се состои во фактот дека тој не важи еднакво и за безбедносните сили и за воените инвалиди и припадниците или семејствата кои биле погодени со конфликтот од 2001 година. Овој закон е крајно дискриминирачки за една категорија од албанското население, кои беа жртви на оваа војна.

Чуди фактот дека претставници на ДУИ, кога се усвои овој закон, ветија дека набрзо ќе излезат со еден посебен закон со кој ќе се згрижат воените инвалиди и сите оние граѓани албанци кои беа погодени од војната, меѓутоа, за жал, иако помина една година откако беше дадено ова ветување, нема никаков резултат. Така, таа категорија албански граѓани продолжува да биде во многу тешка состојба. За нив не се грижи ниедна државна институција. Нивната судбина е во рацете на оние кои сакаат да помогнат, како што се нивните блиски пријатели или други донатори. Меѓутоа, се разбира, ова не е доволно. Таа категорија граѓани не треба да претставува товар за луѓето со добра волја кои сакаат да помогнат. Несватливо е како оваа држава или нејзините институции не се грижат еднакво за своите граѓани, независно од верската и национална припадност. Јас не можам да го разберам начинот како беше усвоен овој закон и со благослов на ДУИ како партнер во актуелната коалиција, кога се знаеше со какви последици ќе биде тој закон.

Со овој закон самата држава прави дискриминација меѓу своите граѓани на добри и лоши, и тоа по национална основа. Треба да разберете еден факт. Војната се случи како се случи, беа погодени граѓани и загинаа граѓани од повеќе националности. Беа разрушени и џамии и цркви и останаа многу длабоки рани кај сите граѓани во целото општество. Меѓутоа, со потпишувањето на Рамковниот договор и со усвојувањето на Законот за амнестија, овој конфликт се затвора и амнестијата треба да се однесува на сите инволвирани во војната. Така, сите тие се еднакви граѓани на оваа држава. Јас не можам да разберам, после се ова што се презема за надминување на конфликтот, не можам да го разберам еднострaниот пристап на оваа држава кон една категорија на нејзините граѓани, во овој случај албанците кои беа погодени од оваа војна. Зошто со еден закон се фаворизираат и се помагаат само припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства, а не и припадниците на поранешната ОНА и членовите на нивните семејства. Во текот на конфликтот беа убиени, ранети или погодени многу албански граѓани кои од оваа или онаа причина воопшто не беа инволвирани во конфликтот. Значи се работи за жени, деца, старци и други обични граѓани кои без нивна вина беа жртва на гранатирањата на безбедносните сили на Република Македонија кои денес не уживаат никакви бенефиции слични на оние кои ги уживаат граѓаните македонци кои исто така беа погодени од конфликтот. Не може за еден дел од граѓаните да се грижи државата, а за друг дел од граѓаните албанци тоа да не важи. Неприфатливо е за воените инвалиди македонци да постојат фондови кои ги обезбедува самата држава, а за воените инвалиди албанци

припадници на ОНА да се излегува и да се бараат средства од куќа во куќа, од населба во населба и да се апелира за разни фондови за помош.

Ние албанците не сме приватни граѓани или приватен народ, туку сме граѓани и народ кој припаѓаме на оваа држава, како и сите други граѓани со слични обврски и права кон неа. Затоа, државата е должна да им помага и да се грижи за сите граѓани подеднакво, а средствата кои влегуваат во Буџетот се средства од сите граѓани кои партиципираат во разни облици во оваа држава. Затоа, тие фондови треба да се користат на еднаков начин, а усвоениот закон предвидува бенефиции само за македонските безбедносни сили, но не и за албанските припадници кои имаат слична судбина во текот на војната, што е неприфатливо не само од политички, туку и од хуман аспект. Со овој закон се создава впечаток како да самата држава сака албанците да ги покаже како виновници за она што се случио во 2001 година. Неприфатливо е, дури и цинично, со законот што го усвои оваа владина коалиција на одреден начин да се осудуваат обичните граѓани албанци кои беа погодени од последиците на војната, затоа што не уживаат никакви бенефиции. Од друга страна, оние кои беа генерали и команданти на ОНА ги уживаат правата со тоа што се на власт. Како и многу закони кои ги носи ова владино мнозинство кои се во спротивност со Рамковниот договор, така беше донесен и овој закон пред една година. Ние не можеме да чекаме оваа Влада да преземе мерки за создавање доверба и една нова клима за доверба и толеранција, кога самата власт со законите кои ги донесува прави дискриминација на сопствените граѓани. Оваа практика и политика на владината коалиција само иритира и потткнува меѓунационална омраза во Република Македонија. Ова е во спротивност и со изградбата на правна држава и на демократските институции.

Почитувани колеги, имајќи го предвид тоа што го кажав, апелирам до сите вас да ги поддржите сите измени што се предлага да се направат во овој закон, затоа што со ова ќе се корегира постојниот закон кој како таков ги става во нееднаква положба граѓаните на оваа држава кои на одреден начин беа вклучени во конфликтот од 2001 година. Во оваа насока и во насока на оваа оценка, како и оценката на претседателот на Комисијата за згрижување на членовите на семејствата на припадниците на ОНА, која како што спомна и колегата Зиди и натаму апелира до разни бизнисмени и деловни луѓе, во земјата и во дијаспората, да им помогнат на овие граѓани, на овие семејства, се до тогаш додека оваа помош не добие една институционална форма. Значи моментот за институционализирање на овие права веќе одамна помина, меѓутоа, сега имате повторно можност, со оглед

на фактот дека се предлага изменување и дополнување на овој закон и овој начин мислиме дека ќе исправиме една голема грешка која беше направена тогаш кога се донесе овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Халими.

Тука ќе завршиме со претпладневниот дел, а вториот дел ќе продолжи во 14,00 часот.

Следен говорник е господинот Замир Дика.

Значи сесијата почнува во 14,00 часот.

(Пауза од 11,55 часот)

(по паузата седницата продолжи со работа во 14,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Има збор г-динот Замир Дика

Повелете

ЗАМИР ДИКА:

Благодрам г-дине претседател.

Жалам што едно волку значајно прашање се дискутира во Парламентот бес претставник на Владата, која што Влада, имајќи го предвид фактот, може би сега и заборавиле, меѓутоа, излезе од Рамковниот договор таа Влада и таа требаше да биде многу позаинтересирана, исто така и колегите пратеници да дискутираат за овие субстенцијални прашања кои што на практичен начин може да ги реализираат тие премисии за кои што требаше да биде Рамковниот договор или заради кои што се случи конфликтот. За жал, ние продолжуваме да остануваме во виртуелна ситуација во Македонија која што нема никаква врска со реалноста.

Во текот на подготовката на овој закон кој што, на измените на Законот предложени од ДПА, се дискутираа две прашања и имаше два пристапи. Идејата беше оваа, значи имајќи ги предвид принципите, начелата на Рамковниот договор, Анексот Ц, имплементирање на мерки за изградба на довербата, имајќи го исто така предвид и тоа дека веќе постоеше закон што ги третираше жртвите на едната страна на конфликтот, ние помисливме дека оваа Влада на многу сериозен начин ќе пристапи кон овој проблем токму за да ги поттикне овие премисии, за да се нарече враќање на довербата, ресоцијализација итн.

Имајќи предвид дека Владата веќе помина две години а нема никаква иницијатива за да се занимава со жртвите од конфликтот на ист, еднаков начин, од страна на Владата, ние презедовме иницијатива да предложиме една законска регулатива што ќе ги третира сите жртви од тој конфликт на ист начин.

Имаше две можности, два пристапи, Едната можност да се донесе нов, посебен закон за оваа категорија на граѓани, посебно албанците, кои се оставени на страна од третирањето на Владата и кои имале последици од конфликтот, а другиот пристап беше да се инкорпорираат во постојниот закон. Значи, со еден заеднички закон да може да се третираат последиците од конфликтот, без оглед на етничката припадност дали се македонци или албанци.

По дискусијата во нашата Парламентарна група ние одлучивме, сепак во име на враќање на довербата во име на заедничката иднина итн., одиме со заеднички закон и предложивме неколку амандмани за да се измени постојниот закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили. Нашиот предлог, во суштина, ова го велам и за јавноста, се надевам дека пратениците го читале предлогот, се вели дека овој закон треба да го измени името и во овој закон да се инкорпорираат и граѓаните кои што имале и последици во времто на вооружени дејства во кризните региони во вооружениот конфликт во 2001 година. Значи, ова е новината што се предлага.

Значи, треба да се работи за закон што на посебен начин ќе ги третира граѓаните кои имале последици во текот и времетраењето на вооружениот конфликт во 2001 година. Ова се заснова, како што спомнав претходно на Анексот Ц, имплементирање на мерки за изградба на довербата меѓу заендиците или народите.

Ние цениме дека, ако оваа Влада навистина има обврска и чувствува како обврска имплементирање на Рамковен договор, ќе поддржи една ваква иницијатива со која ќе покаже дека оваа Влада по конфликтот се изменила и оваа држава сите жртви во овој конфликт што се случил внатре, во оваа држава ќе ги третира подеднакво. Ова ќе помогнеше во постигање на таа согласност, ќе го забрзаше процесот на ресоцијализација посебно во кризните региони, ќе се засилеше довербата посебно на албанците во кризните региони кон државните институции, ќе се постигнеа многу ефекти со една адаптација на еден ваков закон.

Кои се предностите и бенифициите што овој закон ги овозможува на граѓаните кои имале последици од конфликтот во 2001 година, без оглед на нивната припадност:

- Со овој закон, ако се прифати, се нуди право на семејна пензија. Ова важи за тие кои имале жртви во нивните семејства и им се овозможува бенифиција во имање на право на семејна пензија. Значи, нивното семејство ќе има таква пензија.
  - Исто така, со овој закон, граѓаните кои имале последици од конфликтот се ослободувале од учество со сопствени средства при користење на лекарски услуги.
  - Со овој закон, тие, кои претрпеле од конфликтот по кризните региони им се осигурува предност при вработување во државниинституции. Мислам дека заслужуваат.
  - Исто така, со овој закон сите тие кои претрпеле од конфликтот во 2001 година и доаѓаат од кризните региони им се овозможува компензација во пари, паричен надоместок.
  - Исто така, им се даваат посебни права во областа на образованието на нивните деца, како што се разни стипендии, помош во високото образование.
  - Исто така, овде се инкорпорира и категоријата на тн., цивилни инвалилди, од тие кои се инвалиди, значи се третираат на посебен начин и имаат бенифиции од државата од Буџетот во кој што исто така и тие учествуваат.

Јас мислам дека и н ие како парламентарна група, многу искрено од почетокот оценивме и мислевме дека оваа Влада навистина ќе отпочне полека да ги третира на еднаков начин, сите граѓани, без оглед на нивната етничка припадност и народот од кој доаѓаат. Оваа Влада, уште еднаш да спомнам, произлезе од конфликтот и во име на конфликтот, во име на Рамковниот договор мнозинството од народот, населението, видоа надеж дека може би ќе продолжи, нема да продолжи оваа нееднаквост.

Од овие премиси оваа Влада мисламдека обврска да донесе закони, вакви закони кои што ќе третираат на еднаков начин, посебно последиците од конфликтот. За жал, констатираме со разочарување дека и после две години функционира истото мислење, продолжува да останува во сила законот за третирање на посебен начин само за безбедносните сили од обезбедувањето, додека сите други жртви од албанската парадигма од кризните региони повторно се помагаат на приватен начин и тие луѓе не гледаат дека се изменил некој пристап во оваа држава.

Наместо оваа Влада да се занимава со реални проекти, бидејќи рамноправноста, еднаквоста, довербата, помирувањето, за жал на оваа Влада не се апстракти категории, не се само зборови, туку денес се може да се измери. Се е мерливо. Да се помогне од Буџетот еден дел од жртвите на конфликтот, додека еден друг дел, преку митинзите на разните жртви да им се даваат пофални зборови и да продолжат да постојат во државата без никаква помош за тие луѓе кои дале жртви, затоа што денеска би требало тоа да го имаме како рамноправност и бенефиција, мислам дека е многу неправично, посебно кон нив. Наместо оваа Влада да ја подобри ситуацијата на луѓето кои претрпеле, за жал, оваа Влада се занимава со кражби на гласови, продолжува да ги потценува софистицирајќи ги методите на кражба во ова општество, во едно реално општество кое што е среќно во своето време, додека навистина имаме реално една немаштина од секој аспект.

Бидејќи се работи за категорија што претрпела и ден денеска нивните последици се ненадоместливи со било кој закон што ќе го донесеме, за да не придобиеме од оваа трагедија, ги молам сите колеги пратеници, посебно Владата што има обврска да внимава и да се грижи за овие луѓе, да ја поддржи оваа иницијатива на ДПА и да ги остави на страна кражбите на гласовите, да се занимава со реални проекти што ќе ги мотивираат граѓаните да излесат на гласање, да ги мотивираат граѓаните за да ги сакаат, а не да го злоупотребат нивното неизлегување и демотивацијата што ја прави оваа Влада.

Жалам што се изразувам вака, меѓутоа овој закон волку значаен 5-6 месеци се наоѓа по фиоките на Владата и на Парламентот, а денеска кога треба да се расправа за него, за жал, требаше да имаат барем еден претставник од МВР од Владата за барем да слушнат тоа што го вели опоцијата.

Со надеж за разбирање јас ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Дика.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да пристапиме кон гласање.

Молам, службите да го утврдат бројот на присутни пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници)

Уште еднаш ги молам пратениците да влезат во салата. Во салата се присутни 56 пратеници.

Ги молам координаторите да обезбедат кворум.

Ги молам сега службите да утврдат колку пратеници има во салата.

(Службите утврдуваат колку пратеници има во салаата).

Уште еднаш ги молам пратениците да влезат. Не чекаат важни ратификации кои веќе се три месеци на дневен ред.

Информиран сум од службите дека во салата се присутни 60 пратеници. Чекаме уште еден пратеник.

Еве, со г-динот Кенан Хасипи сме 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок: Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и а членовите на нивните семејства.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 56 пратеници. 12 пратеници гласале “за”. Нема воздрачни а 44 гласале против заклучокот.

Ве молам, утврдете го бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници)

Со него има 60 пратеници, поради тоа го поништувам гласањето.

Ве молам, во салата сме присутни 59 пратеници, ни требаат уште два пратеници.

Ги молам пратениците кои излегоа да влезат во салата.

Почитувани пратеници, мислев дека после два месеци одмор сме се ужелеле за работа. Очигледно дека не е така.

Ја прекинувам седницата, а утре во 10,00 часот имаме закажана итна седница.

Дополнително ќе бидете известени за продолжување на оваа седница.

(Седницата прекина со работа во 14,30 часот).